# ПРЕПОРАКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ШИРЕЊЕТО НА ВИРУСОТ КОВИД 19

## Како да се заштитите себе и другите?

### ДОКОЛКУ ПАТУВАТЕ ВО МЕСТА И ЗЕМЈИ КАДЕ ИМА ЕПИДЕМИЈА ОД ОВА ЗАБОЛУВАЊЕ, ПОТРЕБНО Е:

Да избегнувате близок контакт со болни луѓе од респираторни инфекции;



Да избегнувате близок контакт со живи или мртви животни, пазари на животни и животински продукти;



Да не консумирате животински продукти кои не се темелно термички обработени;



Редовно и темелно да ги миете рацете со сапун и вода, најмалку 20 секунди;*



Користете алкохолни марамчиња или дезинфициенси, доколку сапун и вода не ви се достапни.



Препораки на Министерството за одбрана 12.03.2020 година

**1. Министерството за одбрана го ограничува бројот на средби со странки – комуникацијата ќе се одвива телефонски, преку меил или со видео конференциска врска.**

**2. Донесена е одлуката бројот на средби со странки да се сведе на минимум. Одлуката е донесена за да се елиминира секоја можност од ширење на корона вирусот.**

**3. Сите што имаат потреба за контакт со Министерството за одбрана, тоа можат да го направат на следните меил адреси и телефонски броеви:**

- **dragan.karulovski@mod.gov.mk ; 02 328-2539**
- **besim.hasalari@mod.gov.mk ; 02 328-2535**

**4. Доколку е неопходно да се одржи состанок со странки за да тече непречено работата на министерството, состанокот ќе биде организиран преку видео-конференциска врска.**

**5. Апелираме до нашите соработници да ги почитуваат превентивните мерки кои ги донесе владата, да сториме се да го спречиме ширењето на вирусот КОВИД 19 во државата.**

**6. Во таа насока, сите раководители на ОЕ и овластени службеници во Министерството за одбрана, се задолжуваат горенаведените мерки и активности кое ги донело Министерството за одбрана да им ги посочат на сите надворешни субјекти со кои комуницираат службено и да ги замолат да имаат разбирање за тековната ситуација.**

* На сите влезови од објектите на Министерството за одбрана се поставени средства за дезинфекција на раце. Задолжително е користење на овие средства при секое влегување и излегување од објектите.